СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Петок, 7 октомври 1983
Скопје
Број 29 Год. XXXIX

Претплатата за 1983 година изнесува 1.200 динари. Овој број чини 40 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

447.

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА НА ОПШТИНИТЕ, РЕПУБЛИКАТА И НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА ПОТРОШУВАЧКАТА ВО 1983 ГОДИНА

Се прогласува Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во 1983 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 септември 1983 година.

Бр. 08-2511
28 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

З А К О Н

ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА НА ОПШТИНИТЕ, РЕПУБЛИКАТА И НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА ПОТРОШУВАЧКАТА ВО 1983 ГОДИНА

Член 1

Со овој закон се уредува привремената забрана на располагањето со дел од општествените средства утврдени со Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачка во 1983 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 31/83) и се пропишува начинот на располагањето со овој дел на општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности.

Член 2

Забраната на располагањето со дел од средствата на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во 1983 година се утврдува во процент од остварените изворни приходи во текот на 1983 година и тоа:

— за општините и Републиката (средствата на буџетите и други приходи од даноци, надоместоци и такси) — во висина од 2,0%;

— за областа на образованието и здравството — во висина од 1,0%;

— за областа на пензиското и инвалидското осигурување, општествената заштита на децата, социјалната заштита и вработувањето — во висина од 1,4% и

— за областа на науката, културата и физичката култура — во висина од 2,2%.

Член 3

Забраната на располагањето со дел од општествените средства утврдена со Законот од член 1 на овој закон не се однесува на делот од средствата на Републичкиот буџет кои се користат за намирување на обврската по основа на придонесот за Буџетот на Федерацијата.

Член 4

Средствата што се обезбедуваат според член 2 на овој закон ќе се користат за поттикнување на извозот.

Член 5

Средствата од член 2 на овој закон ќе ги издвојува Службата на општественото книговодство на посебна сметка на секој корисник месечно, почнувајќи од 1 август 1983 година.

Средствата од став 1 на овој член ќе ги пренесува Службата на општественото книговодство во согласност со републичкиот секретар за финансии, а преку преодна републичка сметка, на Интересната заедница на Југославија за унапредување на економските односи со странство во периоди и износи што ќе бидат утврдени со меѓурепубличко-покраинскиот договор.

Пресметката на издвојувањето на дел од средствата според член 2 на овој закон за приходите остварени во периодот јануари — јули 1983 година ќе ја врши Службата на општественото книговодство во рок од 10 дена по влегувањето во сила на овој закон, а нивното издвојување на преодната републичка сметка ќе го обезбеди веднаш или најдоцна до 15 октомври оваа година, во зависност од расположливите средства на жиро-сметката на корисникот на општествени средства.

Пресметувањето и издвојувањето на средствата за приходите што ќе се остварат, почнувајќи од месец август 1983 година, ќе се врши до 20-ти во месецот за претходниот месец.

Договорот од став 2 на овој член го склучува Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 6

На средствата издвоени на посебна сметка според член 4 на овој закон не се однесуваат прописите за ограничување на приходите на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за 1983 година.

Член 7

Се овластува републичкиот секретар за финансии, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на овој закон, да донесе упатство за начинот

на пресметувањето и уплатувањето на обврската, како и за насочувањето на средствата од преодната републичка сметка.

Член 8

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

448.

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМАЊЕ И ПРЕСАДУВАЊЕ ДЕЛОВИ ОД ЧОВЕКОВОТО ТЕЛО ЗАРАДИ ЛЕКУВАЊЕ

Се прогласува Законот за земање и пресадување делови од човековото тело заради лекување, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 28 септември 1983 година и на седницата на Републичката самоуправна интересна заедница за здравствена заштита, одржана на 27 септември 1983 година.

Бр. 08-2505
28 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

З А К О Н
ЗА ЗЕМАЊЕ И ПРЕСАДУВАЊЕ ДЕЛОВИ ОД ЧОВЕКОВОТО ТЕЛО ЗАРАДИ ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Со овој закон се пропишуваат условите под кои можат да се земаат и пресадуваат делови од човековото тело заради лекување, правата, обврските како и условите што треба да ги исполнуваат здравствените организации и другите организации на здружен труд што вршат работи кои се однесуваат на земањето, обработката, чувањето и пресадување делови од човековото тело заради лекување.

Член 2

Земање и пресадување делови од човековото тело заради лекување (во натамошниот текст: пресадување) може да се врши само во случаи кога е тоа медицински оправдано, кога е тоа најповолен начин за лекување на болниот и кога се исполнети другите услови предвидени со закон.

Член 3

Делови од телото на умрено лице можат да се земаат заради пресадување откако е утврдено дека настапила смрт кај тоа лице.

Смртта на лицето од кое може да се земаат делови од телото заради пресадување ја утврдува, според пропишани медицински критериуми за утврдување на смрт, комисија составена од најмалку три лекари, која со сигурност ќе утврди престанок на работата на мозокот или срцето.

Член 4

Делови од телото на умрено лице не може да зема лекар кој учествувал во утврдувањето на смртта на тоа лице.

Член 5

Делови од телото на умрено лице можат да се земаат заради пресадување, ако умреното лице додека било живо изрично не се противело, односно ако за тоа изрично не се противи родителот, старателот, брачниот другар или полнолетно дете на умрениот.

Изрично противење во смисла на став 1 на овој член се смета, ако умреното лице додека било живо писмено се изјасн[illegible] дека [illegible] телото не сака да бидат користени за пресадување, односно ако родителот, старателот, брачниот другар или полнолетно дете на умреното лице не се согласи делови од телото на умреното лице да се земат за пресадување.

Член 6

Делови од телото на живо лице можат да се земаат од лице постаро од 25 години заради пресадување со цел за лекување, ако со тоа тешко не се наруши здравјето на давателот, и ако давателот е претходно известен за евентуалниот ризик по неговото здравје и дал доброволен пристанок.

Во особено оправдани случаи што ги цени комисијата од три лекари, делови од телото на живо лице можат да се земаат и од лице помладо од 25 години, но не помладо од 18 години под условите од став 1 на овој член.

Член 7

Согласност за давање делови од своето тело заради пресадување може да даде само душевно здраво полнолетно лице.

Согласност за давање делови од човековото тело заради пресадување се дава во писмена форма.

Согласност за давање делови од телото заради пресадување од живо лице може да се отповика се до отпочнувањето на зафатот.

Член 8

Согласноста за давање делови од телото заради пресадување давателот може да ја услови даденият дел од телото да биде пресаден на определено лице.

Ако давателот го условил давањето во корист на определено лице, волјата на давателот може да се измени само ако земениот дел од телото веќе не може да се пресади на определено лице.

Член 9

Пресадување делови од човековото тело може да се врши, ако деловите до пресадувањето се чувани под услови кои ја спречуваат нивната квалитативна промена или злоупотреба и ако е извршена обработка (типизација) кога совпаѓањето на ткивото е услов за успешно пресадување.

Член 10

Пресадување делови од човековото тело може да се врши само со писмен пристанок на примателот, откако претходно е известен за евентуалниот ризик за неговото здравје.

Ако примателот е малолетно или душевно заболено лице, или ако не може да ја изрази својата волја поради состојбата во која се наоѓа, писмена согласност за пресадување дава неговиот родител, старател, брачниот другар или полнолетно дете.

Член 11

Давателот и примателот можат да дадат согласност само откако претходно ќе им се објасни природата и целта на зафатот, евентуалната опасност на која се изложуваат и веројатноста за успехот на зафатот.

Објаснувањето од став 1 на овој член го дава комисијата составена од најмалку два лекари.

Член 12

Кога постојат поволни изгледи за пресадување, здравствената организација која зема делови од телото на умрено лице заради пресадување должна е сама или во соработка со здравствена

организација која исполнува услови за вршење пресадување делови од човеково тело, под услови утврдени со овој закон, да зема делови од телата на умрени лица во тие здравствени организации и да ги обработува и чува додека бидат употребени, односно да ги доставува до здравствената организација која исполнува услови за вршење испитување за совпаѓање на ткивата.

Член 13

Земање делови од човековото тело на живи лица може да се врши само во здравствена организација која ќе изврши пресадување на деловите од човековото тело.

Член 14

За секоја работа на пресадување на делови од човековото тело се составува записник. Кон записникот се прилагаат и други документи кои произлегуваат од одредбите од член 5 до член 11 на овој закон.

Записникот го потпишува стручниот раководител на екипата.

Записникот и документите од став 1 на овој член се составен дел на медицинската документација на здравствената организација во која е извршено земање, односно пресадување делови од човековото тело.

Член 15

Сите здравствени организации кои вршат земање, обработка, чување и пресадување делови од човековото тело, или вршат испитување за совпаѓање на ткивата, должни се меѓусебно да соработуваат во размената и давањето на соодветни податоци, заради што поуспешно вршење и научно и стручно унапредување на овој метод на лекување.

Член 16

Собирање и обработка на податоци потребни за размена и пресадување делови од човековото тело вршат здравствени организации оспособени за вршење испитување на совпаѓање на ткивата.

Здравствените организации од став 1 на овој член, должни се да соработуваат со соодветните организации во другите републики и автономни покраини и со соодветни институции во странство.

Член 17

Здравствените организации кои земаат, разменуваат или пренесуваат делови од човековото тело за пресадување заради лекување, се должни од посебната евиденција што ја водат за вршење на тие работи, да доставуваат податоци и известување до здравствените организации од член 16, став 1 од овој закон и до Сојузниот завод за здравствена заштита.

Член 18

Здравствените организации и другите организации на здружен труд кои вршат работи што се сднесуваат на земање, обработка, чување и пресадување делови од човековото тело заради лекување или вршат испитување за совпаѓање на ткивата, мораат да имаат работници со соодветна стручна подготовка и соодветна медицинска и техничка опрема и мораат да исполнуваат и други пропишани услови.

Член 19

Републичкиот комитет за здравство и социјална политика ќе ги пропише условите што треба да ги исполнува здравствената организација која врши земање делови од човековото тело заради пресадување и условите што треба да ги исполнува здравствената организација која врши обработка, чување, пресадување делови од човековото тело, испитување за совпаѓање на ткивата во однос на стручни работници, медицинско-техничка опрема и градежно-технички услови во рок од 1 година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 20

Републичкиот комитет за здравство и социјална политика утврдува кои здравствени организации ги исполнуваат условите од член 18 на овој закон.

Член 21

Републичкиот комитет за здравство и социјална политика ќе пропише поблиски услови кои мораат да ги исполнуваат членовите на комисијата од член 3 став 2 и од член 11 став 2 на овој закон во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 22

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и на Законот за условите за размену-вање и пренесување на делови од човековото тело за пресадување заради лекување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 43/82) и на прописите донесени врз основа на нив врши Републичкиот комитет за здравство и социјална политика.

Член 23

Со парична казна од 10.000 до 70.000 динари ќе се казни за прекршок здравствена организација која врши земање, обработка, чување и пресадување делови од човековото тело заради лекување, а не ги исполнува условите утврдени со прописите донесени врз основа на член 20 и 21 од овој закон.

За прекршок од став 1 на овој член, со парична казна од 1.000 до 10.000 динари ќе се казни и одговорното лице во организацијата на здружен труд од областа на здравството.

Член 24

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

449.

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за системот на општественото планирање и за Општествениот план на Социјалистичка Република Македонија,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 септември 1983 година.

Бр. 08-2513
28 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

З А К О Н

ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за системот на општественото планирање и за Општествениот план на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 10/79 и 42/80) по членот 115-а, се додава нов член 115-б, кој гласи:

„Член 115-б

По исклучок од одредбите на членовите 84 став 2, 85 став 2 и 101 став 2 на овој закон, во периодот 1984 и 1985 година, усогласувањето на целите и средствата за остварување на планот со реално оценетите можности и услови за развој и усогласување на материјалните рамки на развојот предвидени со среднорочниот план за периодот од 1981 до 1985 година со можностите на развој во тековната година, кога е тоа неопходно заради приспособување кон изменетите услови и спречување и отстранување на поголемите нарушувања во тековите на општествената репродукција, се врши со актот за остварување на среднорочниот план за поодделна година."

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

450.

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВОТО

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за електростопанството,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 28 септември 1983 година.

Бр. 08-2504
28 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

З А К О Н
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВОТО

Член 1

Во Законот за електростопанството („Службен весник на СРМ" бр. 10/78 и 42/82) по член 28-а се додава нов член 28-б кој гласи:

„За остварување на функциите на Републичката заедница од член 28-а на овој закон, основните организации на здружениот труд, работните организации кои во својот состав немаат основни организации на здружен труд, основните организации на кооперанти, земјоделските и други задруги, договорните организации на здружениот труд, работните заедници што во организациите на здружениот труд вршат определени работи од заеднички интерес за основните организации во нивни состав, работните заедници што такви работи вршат во земјоделски и други задруги, деловните заедници, банките, заедниците на осигурување на имоти и лица и други финансиски организации плаќаат придонес од доходот на основната организација и заедница.

Обврзници на придонесот од доходот се и основните организации на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници чие седиште се наоѓа во друга социјалистичка република и социјалистичка автономна покраина, за доходот што го остваруваат во делот на организацијата односно заедницата што трајно вршат дејност на територијата на СР Македонија".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

451.

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД И МИР

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 септември 1983 година.

Бр. 08-2553
28 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД И МИР

Член 1

Во Законот за прекршоците против јавниот ред и мир („Службен весник на СРМ" бр. 25/72), член 1 се менува и гласи:

„Со овој закон се утврдуваат прекршоците против јавниот ред и мир, прекршочните казни и заштитните мерки за повреда на јавниот ред и мир, како и се пропишуваат условите и постапката за приредување огномет, бакљада или слични приредби, условите и постапката за собирање на доброволни прилози од граѓаните, организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници, општествено-политичките организации, општествените организации и здруженијата на граѓаните".

Член 2

По член 1, се додава нов член 1-а, кој гласи:

„Член 1-а

Прекршок против јавниот ред и мир врши секој кој со своето однесување или постапка го нарушува вообичаениот начин на живеење и работи на работните луѓе и граѓаните, ја загрозува нивната безбедност или создава несигурност, го оневозможува нивното непречено движење на јавни места, го нарушува јавниот морал, ја попречува работата и извршувањето на службените задачи на државните органи, организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници или на друг начин го нарушува јавниот ред и мир".

Член 3

Во член 2 броевите „до 500" и „15" се заменуваат со броевите „од 500 до 3000" и „30".

Член 4

Во член 5 по зборот „казни“ се додаваат зборовите „со парична казна од 1000 до 5000 динари, или“.

Член 5

Во член 6 по зборот „орган“ се додаваат зборовите „на управата надлежен“, а бројот „до 500“ се заменува со броевите „од 500 до 3000“.

Член 6

Во член 7 став 1 бројот „до 300“ се заменува со броевите „од 300 до 2000“.

Став 2 се менува и гласи:

„За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни организација на здружен труд и друга самоуправна организација и заедница или друго правно лице со парична казна од 2000 до 10000 динари, а одговорното лице во организација на здружен труд и друга самоуправна организација и заедница или друго правно лице со парична казна од 300 до 2000 динари“.

Во став 3 брсјот „до 3000“ се заменува со броевите „од 2000 до 10000“.

Во став 4 пред зборот „Општината“ се додаваат зборовите „Во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон“.

Член 7

Во член 8 став 1 бројот „до 500“ се заменува со броевите „од 1000 до 5000“.

Во став 2 зборот „претходниот“ се брише, а по зборот „став“ се додаваат зборовите „1 на овој член“.

Член 8

Член 9 се менува и гласи:

„Кој на јавно место учествува, предизвикува или поттикнува друг на тепачка,

ќе се казни со парична казна од 1000 до 5000 динари,

или со казна затвор до 30 дена.

Кој во вршењето на прекршокот од став 1 на овој член пројави посебна суровост,

ќе се казни со казна затвор од 30 до 60 дена.

Учествувањето во тепачка со намера да се укаже помош или заштита на нападнато лице или да се спречи истата не се смета за учествување во тепачка во смисла на став 1 на овој член“.

Член 9

Член 10 се брише.

Член 10

По член 11 се додаваат два нови члена 11-а и 11-б кои гласат:

„Член 11-а

Кој ја загрозува личната сигурност на друго лице со закана дека ќе го нападне неговиот живот или тело,

ќе се казни со парична казна од 1000 до 5000 динари,

или со казна затвор од 30 до 60 дена.

Член 11-б

Кој не пружи помош на друг кога е во опасност ако тоа може да го стори без опасност по себе или друг,

ќе се казни со парична казна од 500 до 3000“.

Член 11

Во член 12 став 1 по зборот „труд“ се додаваат зборовите „и друга самоуправна организација и заедница“, а бројот „11 до 500“ се заменува со броевите „од 500 до 3000“.

Во став 2 зборот „претходниот“ се брише, а по зборот „став“ се додаваат зборовите „1 на овој член“. Броевите „200“ и „500“ се заменуваат со броевите „2000“ и „5000“.

Во став 3 броевите „200“ и „500“ се заменуваат со броевите „2000“ и „5000“.

Член 12

Во член 13 по зборот „Кој“ се додаваат зборовите „постапува спротивно на“, зборовите „ја крши“ се бришат, а броевите „до 300“ и „15“ се заменуваат со броевите „од 500 до 3000“ и „30“.

Член 13

Во член 15 запирката по зборот „лице“ се брише и се додаваат зборовите „или потврди туѓо лажно име“, а зборовите „до 300“ и „15“ се заменуваат со броевите „од 500 до 3000“ и „30“.

Член 14

Во член 16 бројот „до 300“ се заменува со броевите „од 500 до 3000“.

Член 15

Член 18 се менува и гласи:

„Кој со зборување, пишување, цртање, со знак или на друг начин ги навредува или омаловажува моралните, социјалистичко-патриотските чувства на граѓаните, општествено-политичкото уредување на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Социјалистичка Република Македонија и другите социјалистички републики и социјалистички автономни покраини, истапува против меѓународната политика на Социјалистичка Федеративна Република Југославија или предизвикува национална, расна или верска нетрпеливост меѓу народите, народностите и етничките групи кои живеат во Социјалистичка Федеративна Република Југославија,

ќе се казни со казна затвор од 40 до 60 дена.

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни организација на здружен труд и друга самоуправна организација и заедница или друго правно лице со парична казна од 10000 до 50000 динари ако овозможи или не преземе мерки да се спречи прекршокот, а одговорното лице во организацијата на здружен труд и друга самоуправна организација и заедница или друго правно лице,

ќе се казни со парична казна од 2000 до 10000 динари.“

Член 16

По член 18 се додава нов член 18-а, кој гласи:

„Член 18-а

Кој оштетува, уништува, оскрнавува или омаловажува фотографија или споменик, односно омаловажува личност или настан на кого фотографијата или споменикот е посветен, ќе се казни со казна затвор од 40 до 60 дена.

Со казната од став 1 на овој член, ќе се казни и тој што на гроб или друго јавно место постави натпис, фотографија или подигне спомен обележје на лице кое го изгубило животот како непријател на Народноослободителната борба или општествено-политичкото уредување на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.“

Член 17

Во член 19 зборовите „на јавно место“ и „претставители на“ се бришат, а по зборот „органи“ се додаваат зборовите „и нивните претставители, општествено-политичките организации и нивните органи, организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници“. Бројот „до 500“ се заменува со броевите „од 2000 до 10000“, а зборовите „до 30 дена“ се заменуваат со зборовите „од 30 до 60 дена“.

Член 18

Во член 20 зборовите „на јавно место“ се бришат, запирката по зборот „организации“ се брише и се додаваат зборовите „или истакне знаме или грб кој не ги содржи обележјата пропишани со устав“. Бројот „до 500“ се заменува со броевите „од 2000 до 10000“, а зборовите „до 30 дена“ се заменуваат со зборовите „од 30 до 60 дена“.

Член 19

По член 20 се додава нов член 20-а, кој гласи:

„Член 20-а

Кој без одобрение или општ повик истакне знаме, грб или сличен симбол на друга држава,

ќе се казни со парична казна од 2000 до 10000 динари,

или со казна затвор од 30 до 60 дена".

Член 20

Во член 21 зборовите „што вршат јавни овластувања" се бришат, по зборот „труд" се додаваат зборовите „и други самоуправни организации и заедници", а броевите „до 300" и „15" се заменуваат со броевите „од 1000 до 5000" и „30".

Член 21

Во член 22 став 1 броевите „300" и „500" се заменуваат со броевите „2000" и „5000".

Став 2 се менува и гласи:

„Со парична казна од 5000 до 20 000 динари ќе се казни организација на здружен труд и друга самоуправна организација и заедница или друго правно лице и самостоен угостител, ако издава односно отстапува простории за вршење на проституција.

За прекршок од став 2 на овој член ќе се казни и одговорното лице во организација на здружен труд и друга самоуправна организација и заедница или друго правно лице со парична казна од 2000 до 5000 динари".

Член 22

Член 23 се менува и гласи:

„Кој се оддава на уживање на опивни дроги или други психотропни средства,

ќе се казни со парична казна од 500 до 3000 динари,

или со казна затвор од 30 до 60 дена."

Член 23

Во член 24 став 1 броевите „300" и „500" се заменуваат со броевите „2000" и „5000".

Став 2 се менува и гласи:

„За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни организација на здружен труд и друга самоуправна организација и заедница или друго правно лице и самостоен угостител со парична казна од 5000 до 20000 динари, а одговорното лице во организацијата на здружен труд и друга самоуправна организација и заедница или друго правно лице со парична казна од 2000 до 5000 динари."

Член 24

По член 27 се додава нов член 27-а, кој гласи:

„Член 27-а

Кој по станови или места за одмор на граѓаните неовластено продава или растура печатени работи или други предмети,

ќе се казни со парична казна од 500 до 3000 динари,

или со казна затвор до 30 дена."

Член 25

Член 30 се менува и гласи:

„Кој игра комар, или друга хазардна игра или кој отстапува простории за таа цел или на друг начин овозможува хазардни игри,

ќе се казни со парична казна од 2000 до 10000 динари,

или со казна затвор од 30 до 60 дена.

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни организација на здружен труд и друга самоуправна организација и заедница или друго правно лице и самостоен угостител со парична казна од 5000 до 20 000 динари, а одговорното лице во организација на здружен труд и друга самоуправна организација и заедница или друго правно лице со парична казна од 2000 до 5000 динари "

Член 26.

Член 31 се брише.

Член 27

Во член 32 став 1 бројот „до 300" се заменува со броевите „од 1000 до 5000".

Став 2 се менува и гласи:

„За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни организација на здружен труд и друга самоуправна организација и заедница или друго правно лице со парична казна од 5000 до 20 000 динари, а одговорното лице во организација на здружен труд и друга самоуправна организација и заедница или друго правно лице со парична казна од 1000 до 5000 динари."

Член 28

Член 34 се менува и гласи:

„Кој го оневозможува користењето или оштетува јавни згради, јавни чешми, извори, плажи, паркови, шеталишта или други јавни објекти и инсталации или истите ги загадува со материи и отпадоци со кои се загадува човековата околина,

ќе се казни со парична казна од 300 до 2000 динари,

или со казна затвор до 30 дена."

Член 29

По член 34 се додава нов член 34-а, кој гласи:

„Член 34-а

Кој изведува работа, а не преземе соодветни мерки да обезбеди канал, шахта, бунар, дупка, електрични инсталации и други уреди кои претставуваат опасност за минувачите,

ќе се казни со парична казна од 500 до 3000 динари.

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни организација на здружен труд и друга самоуправна организација и заедница или друго правно лице со парична казна од 2000 до 10 000 динари, а одговорното лице во организација на здружен труд и друга самоуправна организација и заедница или друго правно лице со парична казна од 500 до 3000 динари."

Член 30

Член 35 се брише.

Член 31

Во член 38 став 1 бројот „до 300" се заменува со броевите „од 500 до 3000".

Став 2 се менува и гласи:

„За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни организацијата на здружен труд и друга самоуправна организација и заедница или друго правно лице со парична казна од 5000 до 20 000 динари, а одговорното лице во организација на здружен труд и друга самоуправна организација и заедница или друго правно лице со парична казна од 500 до 3000 динари."

Член 32

Во член 40 став 1 бројот „до 500" се заменува со броевите „од 1000 до 5000".

Став 2 се менува и гласи:

„За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни организација на здружен труд и друга самоуправна организација и заедница или друго правно лице со парична казна од 5000 до 20 000 динари, а одговорното лице во организација на здружен труд и друга самоуправна организација и заедница или друго правно лице со парична казна од 1000 до 5000 динари "

Член 33

Член 41 се менува и гласи:

„Ако организација на здружен труд која се занимава со угостителска дејност (во натамошниот текст: угостителска организација), одговорното лице во угостителската организација, самостоен угостител или лицето на кое му е доверено водење на самостоен угостителски објект не преземаат соодветни мерки за одржување на јавниот ред и мир

во нив, односно не го спречат нарушувањето на истиот ако тоа можат да го сторат без опасност по себе или друг, како и ако не го пријават нарушувањето на јавниот ред и мир на општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи или станица на милиција ќе се казни:

— угостителска организација со парична казна од 5000 до 20 000 динари;

— самостојниот угостител со парична казна од 5000 до 20 000 динари или со казна затвор до 30 дена; и

— одговорното лице во угостителската организација, односно лицето на кое му е доверено водење на самостоен угостителски објект со парична казна од 2000 до 5000 динари."

Член 34

Во член 44 став 1 броевите „10 до 12, 14, 17 до 20, 22, 23, 26 до 30" се заменуваат со броевите „9, 11, 11-а, 12, 14, 17, 18, 18-а, 19, 20, 20-а, 22, 23, 26, 27, 27-а, 28, 29 и 30".

Во став 2 зборот „претходниот" се брише, а по зборот „став" се додаваат зборовите „1 на овој член".

Член 35

Во член 45 кратенката „чл." се заменува со зборот „член", а броевите „10 до 14 и 17 до 23" се заменуваат со броевите „9, 11, 11-а, 12, 13, 14, 17, 18, 18-а, 19, 20, 20-а, 21, 22, 23, 26, 28 и 30". По зборовите „територијата на" се додаваат зборовите „Социјалистичка Федеративна Република".

Член 36

Во член 46 став 1 кратенката „чл." се заменува со зборот „член", а броевите „22, 23, 27, 29, 31, 32" се заменуваат со броевите „9, 15, 17, 18, 18-а, 19, 20, 20-а, 22, 23, 27, 27-а, 29, 30, 32 и 39".

Став 2 се менува и гласи

„Овластените службени лица во органите на управата надлежни за внатрешни работи, во случаите од став 1 на овој член, можат привремено да ги одземат парите и предметите."

Член 37

Во член 47 став 1 и 2 зборовите „од алкохолизам односно од наркоманија", се заменуваат со зборовите „на алкохоличари односно наркомани".

Член 38

Во член 49 кратенката „чл." се заменува со зборот „Член" зборот „за" по зборот „мерка" се брише, а зборот „за" по зборот „забрана" се заменува со зборот „на".

Член 39

Член 50 станува член 3, а во став 2 зборот „претходниот" се заменува со зборовите „1 на овој член".

Член 40

Член 51 се менува и гласи:

„Организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници, општествено-политичките организации, општествените организации и здруженијата на граѓаните (во натамошниот текст организации и заедници) можат да собираат доброволни прилози од граѓани, организации и заедници со одобрение на органот на управата надлежен за внатрешни работи на чие подрачје се собираат истите.

Органот на управата надлежен за внатрешни работи може да го одбие барањето за издавање на одобрение ако најде дека собирањето на доброволни прилози може да внесе немир меѓу граѓаните или да го наруши јавниот ред и мир и ако не е оправдана целта на собирање на доброволни прилози.

Со одобрението се определува начинот на собирање на доброволни прилози и рокот на собирање.

Одобрение не е потребно за прилозите што ги собираат општествените и општествено-политичките организации во согласност со програмата на нивната дејност, за прилозите што се собираат во работните заедници во организации и заедници односно во органи за нивните заеднички потреби или потребите на нивните членови.

Условите за собирање на доброволни прилози за верски цели се пропишуваат со посебен закон."

Член 41

Во член 52 ставовите 1, 3 и 4 зборовите „општинскиот орган за внатрешни работи" се заменуваат со зборовите „органот на управата надлежен за внатрешни работи".

Член 42

Во членовите 3, 4, 27, 37 и 42 на овој закон бројот „до 500" се заменува со броевите „од 500 до 3000".

Член 43

Во членовите 14, 17, 29 и 39 на овој закон бројот „до 500" се заменува со броевите „од 1000 до 5000".

Член 44

Во членовите 33 и 36 на овој закон бројот „до 300" се заменува со броевите „од 300 до 2000".

Член 45

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Социјалистичка Република Македонија да го утврди пречистениот текст на Законот за прекршоци против јавниот ред и мир.

Член 46

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

452.

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦЕНТАРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА КАДРИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ОПШТЕСТВЕНА САМОЗАШТИТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружен труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 септември 1983 година.

Бр. 08-2512
28 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦЕНТАРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА КАДРИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ОПШТЕСТВЕНА САМОЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита („Службен весник на СРМ" број 30/77), по член 1 се додава нов член 1-а кој гласи:

„Член 1-а

Дејноста на Центарот е од општ интерес за Републиката".

Член 2

Во член 2 став 1, зборовите „со средна, виша, висока и највисока" се заменуваат со зборовите „од III до VIII степен на", а по зборот „подготовка" се додаваат зборовите „(средно, вишо, високо и највисоко образование)".

Во став 2, по зборот „самозаштита" точката се брише и се додаваат зборовите „и да се остваруваат други форми на научноистражувачка и применувачка дејност."

Член 3

Во член 3 став 1, зборовите „настава за средно специјлизирано образование и оспособување на учениците" се заменуваат со зборовите „подготвување на кадри од III до V степен на стручна подготовка", по зборот „безбедност" се додаваат зборовите „и заштита", по зборот „работи" зборовите „како и" се бришат, а по зборот „санкции" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „како и за потребите на другите органи, организации на здружен труд и другите организации и заедници".

Ставот 2 се брише.

Член 4

Во член 4 зборовите „настава за више и високо специјализирано образование и оспособување стручњаци" се заменуваат со зборовите „подготвување на кадри од VI до VIII степен на стручна подготовка".

Член 5

По член 4, се додаваат два нови члена 4-а и 4-б, кои гласат:

„Член 4-а

Времетраењето на степените на стручната подготовка што се стекнуваат во Центарот се определува со наставните планови и програми за соодветниот степен на стручна подготовка".

„Член 4-б

Стручната подготовка од III до V степен се стекнува во Средното училиште за безбедност и општествена самозаштита, а стручната подготовка од VI до VIII степен се стекнува на Факултетот за безбедност и општествена самозаштита.

Семинарите и другите форми на образование во Центарот се организираат и изведуваат во рамките на соодветниот степен на стручната подготовка".

Член 6

Член 5 се менува и гласи:

„Лицето кое се подготвува за пожарникар и ќе се стекне со III степен на стручна подготовка се здобива со средно образование за вршење работи во занимањето пожарникар.

Лицето кое се подготвува за пожарникар и ќе се стекне со IV степен на стручна подготовка се здобива со средно образование за вршење работи во занимањето пожарникарски техничар.

Лицето кое се подготвува за милиционер и ќе се стекне со IV степен на стручна подготовка се здобива со средно образование за вршење работи во занимањето милиционер.

Лицето кое ќе се стекне со V степен на стручна подготовка врз претходно стекната стручна подготовка од IV или по исклучок од III степен и има работно искуство од најмалку 2 години на соодветни работи се здобива со специјализацијата во средното образование за вршење работи од определеното занимање во областа на безбедноста и општествената самозаштита".

Член 7

По член 5 се додаваат четири нови члена 5-а, 5-б, 5-в и 5-г, кои гласат:

„Член 5-а

Лицето кое ќе се стекне со VI_1 степен на стручна подготовка врз претходно стекната стручна подготовка од IV степен се здобива со више образование за вршење работи во занимањето правник — насока за безбедност и општествена самозаштита.

Лицето кое ќе се стекне со VI_2 степен на стручна подготовка врз претходно здобиено више образование и работно искуство од најмалку 2 години на соодветни работи се здобива со специјализација во вишето образование за вршење работи во областа на безбедноста и општествената самозаштита."

„Член 5-б

Лицето кое ќе се стекне со VII_1 степен на стручна подготовка врз претходно здобиено више образование се здобива со високо образование за вршење работи во занимањето дипломиран правник — насока за безбедност и општествена самозаштита."

„Член 5-в

Лицето кое ќе се стекне со VII_2 степен на стручна подготовка врз претходно здобиено високо образование ќе се здобие со академски степен магистер, односно со академски степен специјалист од определено подрачје во областа на безбедноста и општествената самозаштита (постдипломски студии)".

„Член 5-г

Лицето кое ќе се стекне со VIII степен на стручна подготовка врз претходно завршени постдипломски студии се здобива со научен степен доктор на науки од определено подрачје во областа на безбедноста и општествената самозаштита."

Член 8

Член 6 се менува и гласи:

„При изведувањето на образовно-работна практика вкупниот број наставни часови може да изнесува за учениците најмногу 32 часа, а за студентите 35 часа неделно".

Член 9

Во член 9 по зборот „научноистражувачката" се додаваат зборовите „и применувачката".

Член 10

Во член 11 став 1, зборот „утврдува" се заменува со зборот „донесува", по зборовите „предлог од" се додаваат зборовите „советот на".

Во став 2 по зборот „предмети" се додаваат зборовите „на учениците за милиционери во средното училиште".

Во став 3 по зборот „образование" се додаваат зборовите „за потребите на органите за внатрешни работи", а зборот „пропишува" се заменува со зборот „донесува".

Член 11

По член 11 се додава нов член 11-а, кој гласи:

„Член 11-а

Наставните планови и програми и времетраењето на наставата на семинарите и на другите форми на образование за потребите на другите органи, организации и заедници Центарот ги донесува по прибавено мислење од тие органи, организации и заедници и Републичката заедница на насоченото образование, а согласност и дава републичкиот секретар за внатрешни работи."

Член 12

Во член 15 зборот „Општиот" се заменува со зборовите „Самоуправниот општ".

Член 13

Во член 19 став 1, зборот „студентите" се заменува со зборовите „редовните и вонредните студенти".

Во став 2, по зборот „ученик" се додаваат зборовите „редовен или вонреден".

Став 3 се менува и гласи:

„Со статутот на Центарот се пропишува што се смета за службена и деловна тајна".

Член 14

Во член 21 став 1, по зборот „ученици" се става запирка и се додаваат зборовите „редовни и вонредни".

Во став 2, по зборот „комисија" во првата реченица, се додаваат зборовите што ја формира Советот на Центарот".

Во став 4, зборот „студентите" се заменува со зборовите „редовните и вонредните студенти".

Член 15

Во член 22 став 1, зборот „редовни" се брише. зборовите „завршиле втори клас" се заменуваат со зборовите „ги совладале заедничките воспитно-образовни основи", по зборот „за" се додаваат зборовите „редовни и вонредни", а зборовите „завршиле средно образование и" се заменуваат со зборовите „се стекнале со стручна подготовка од IV степен".

Став 3 се брише.

Член 16

Во член 23 став 1, зборот „училиште" се заменува со зборот „образование".

Член 17

Член 25 се менува и гласи:

„Учениците и редовните студенти задолжително се сместени во домот на Центарот."

Член 18

Во член 26 став 1, зборовите „редовните ученици и студенти" се заменуваат со зборот „учениците".

По став 2 се додава нов став кој гласи:

„На редовните студенти за време на студирањето им се обезбедуваат права како и на учениците за време на школувањето, освен долна облека и обувки, учебници и други предмети и помагала потребни за студирање, месечни парични примања за покривање на неопходните лични трошоци и патни трошоци за доаѓање во Центарот и враќање дома".

Член 19

Во член 27 став 1, зборовите „редовните ученици" се заменуваат со зборот „учениците", а точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „односно пожарникари".

По став 1, се додаваат два нови ставови кои гласат:

„Редовните студенти носат униформа во случаи определени со овој закон и други прописи донесени врз основа на закон.

Поблиски прописи за униформата, ознаките на униформата и носењето на униформата од учениците и редовните студенти во Центарот донесува републичкиот секретар за внатрешни работи".

Член 20

Во член 29, по зборот „донесува" зборовите „републичкиот секретар" се заменуваат со зборовите „Републичкиот комитет".

Член 21

По член 29, се додава нов член 29-а, кој гласи:

„Член 29-а

Редовен студент од I година кој до последната редовна испитна сесија на учебната година не ги положи заостанатите испити го губи статусот на редовен студент во Центарот."

Член 22

Во член 30 став 1, по зборот „заедница" се додаваат зборовите „односно студентот и собирот на студентите".

Член 23

Во член 32. по зборот „Ученик" се става запирка, зборовите „кој завршил средно образование" се заменуваат со зборовите „односно редовен студент кој се стекнал со стручна подготовка од III до VII1 степен", а по зборот „право" се додаваат зборовите „и должност".

По став 1, се додава нов став 2, кој гласи:

„Ученик или редовен студент кој ќе биде отстранет од Центарот по негова вина или одбие да работи во органот за внатрешни работи во кој ќе го распореди републичкиот секретар за внатрешни работи по завршувањето на школата, односно студиите, должен е да ги надомести трошоците на Републиката направени за неговото сместување, исхрана и задоволување на другите воспитно-образовни и културни потреби во Центарот, сразмерно на времето проведено на школување, односно студирање."

Член 24

Во член 33 по став 1, се додаваат два нови става кои гласат:

„Наставните планови и програми за постдипломските студии се донесуваат во согласност со републичкиот секретар за внатрешни работи.

Пред донесувањето на наставните планови и протрами од став 2 на овој член, Центарот е должен да прибави мислење од соодветната заедница на насоченото образование".

Член 25

Член 35 се менува и гласи:

„Воспитувач во домот може да биде лице кое има завршено соодветно високо образование и определено работно искуство во органите за внатрешни работи".

Член 26

Во член 36, зборовите „во сите звања" се бришат, а по зборот „Центарот" се додаваат зборовите „по исклучок".

Член 27

Во член 37 став 3, по зборот „работници" се додаваат зборовите „утврдени во самоуправниот општ акт за внатрешна организација и систематизација на работните места".

По став 3, се додава нов став 4, кој гласи:

„Овластените службени лица на органите за внатрешни работи кои по потреба на службата ќе преминат на работа во Центарот за изведување на настава по предметите од областа на безбедноста и општествената самозаштита и понатака го задржуваат статусот на овластени службени лица".

Член 28

Во член 39, по зборот „Центарот" се додаваат зборовите „што имаат статус на овластени службени лица".

Член 29

Во член 40, по зборот „образование", во првиот ред се додаваат зборовите „и воспитание".

Член 30

Во член 42, зборот „секретаријат" се заменува со зборот „комитет".

По став 1, се додава нов став кој гласи:

„Надзор над наменското користење на средствата за работата на Центарот врши Републичкиот секретаријат за внатрешни работи".

Член 31

Во член 43, по став 2, се додава нов став, кој гласи:

„Трошоците за сместувањето, исхраната и униформата на учениците за пожарникари и пожарникарски техничари во Центарот ги обезбедува органот, организацијата или заедницата за чии потреби лицето се школува".

Во став 3 кој станува став 4, по бројката „2" се додава „и 3".

По ставот 4, се додава нов став, кој гласи:

„Средствата за финансирање на научноистражувачката и применувачката дејност на Центарот се обезбедуваат и со спогодба на Центарот со самоуправните интересни заедници и другите органи, организации и заедници".

Член 32

По член 45, се додаваат два нови члена 45-а и 45-б кои гласат:

„Член 45-а

Воспитувачите во Центарот кои не ги исполнуваат условите определени со овој закон, должни се во рок од 5 години од денот на неговото влегување во сила да се стекнат со соодветното високо образование".

„Член 45-б

Избраните наставници кои не ги исполнуваат условите определени со Законот за високото образование, можат да бидат повторно избрани во затеченото звање најмногу уште 5 години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Кандидатите што ќе бидат избрани за наставници врз основа на член 36 од овој закон, должни се во рок од 5 години од извршениот избор да се стекнат со магистратура или докторат".

Член 33

Во член 17, 18 и 20 став 1, зборот „студентите" се заменува со зборовите „редовните студенти".

Член 34

Во член 17 и 26 став 1 алинеја прва зборот „интернатот" се заменува со зборот „домот".

Член 35

Во член 19 став 2 и член 28 став 2, зборовите „претходниот став, се заменуваат со зборовите „став 1 на овој член".

Член 36

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Социјалистичка Република Македонија да го утврди пречистениот текст на Законот за Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита.

Член 37

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

453.

Врз основа на членовите 8, 10 и 92 од Законот за системот на општественото планирање и за Општествениот план на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 септември 1983 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ ДОЛГОРОЧЕН ОПШТЕСТВЕН ПЛАН НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1986 до 1995 ГОДИНА, ОДНОСНО ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ПОДРАЧЈА И ДО 2000 ГОДИНА

1. Во Одлуката за подготвување долгорочен општествен план на Социјалистичка Република Македонија за периодот од 1986 до 1995 година, односно за определени подрачја и до 2000 година („Службен весник на СРМ" бр. 6/79) во точката 2 зборовите: „кон половината на 1983 година" се заменуваат со зборовите: „до 31 јули 1984 година", а зборовите „кон крајот на 1983 година" се заменуваат со зборовите: „до 31 декември 1984 година".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2514
28 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски**, с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
Сервет Салиу, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
Ванчо Близнаковски, с. р.

454.

Врз основа на членовите 16, 92 и 101 од Законот за системот на општественото планирање и за Општествениот план на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 септември 1983 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1981 до 1985 ГОДИНА

1. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за подготвување и донесување измени и дополнувања на Општествениот план на Социјалистичка Република Македонија за периодот од 1981 до 1985 година („Службен весник на СРМ" бр. 18/82, 39/82 и 15/83).

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2515
28 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски**, с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
Сервет Салиу, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
Ванчо Близнаковски, с. р.

455.

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 септември 1983 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ПЕДАГОШКАТА АКАДЕМИЈА „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ — СКОПЈЕ

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Педагошката академија „Климент Охридски“ во Скопје поради истек на времето за кое се именувани:

Спирко Спировски,

Тосум Пахуми и

Љубица Ковачевска

Се именуваат претставници на општествената заедница во Советот на Педагошката академија „Климент Охридски“ во Скопје:

Асип Асипи, потпретседател на Собранието на општината Куманово,

Лепосава Петровска, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ и

Ленка Стрезова, секретар на Извршниот совет на Собранието на општина „Центар“ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2531
28 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
Ванчо Близнаковски, с. р.

456.

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 септември 1983 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ООЗТ КЛИНИКА ЗА КАРДИОЛОГИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ ЦЕНТАР ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ВО СКОПЈЕ

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на ООЗТ Клиника за кардиологија при Универзитетскиот центар за медицински науки во Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

Нецат Идризи,

д-р Борис Павлов и

Благој Михов.

Се именуваат претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Клиника за кардиологија при Универзитетскиот центар за медицински науки во Скопје:

Мите Ристевски, секретар на Комисијата на ЦК СКМ за политичко-пропагандна и информативна дејност,

Саве Гаџовски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ,

Трајко Кецкаровски, секретар на Секретаријатот за кадровски прашања.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2530
28 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
Ванчо Близнаковски, с. р

457.

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 септември 1983 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО КОМИСИЈАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ПЕДАГОШКАТА АКАДЕМИЈА ВО БИТОЛА

За претставници на општествената заедница во Комисијата за изготвување предлог за избор на директор на Педагошката академија во Битола се именуваат:

Ѓорѓи Пили, дипл. правник, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ од Битола и

Јане Тодоровски, претседател на Претседателството на ОК на ССРНМ — Прилеп.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2532
28 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
Ванчо Близнаковски, с. р.

458.

Врз основа на член 162 став 2 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 септември 1983 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДДЕЛНИ РЕПУБЛИЧКИ КОМИТЕТИ И РЕПУБЛИЧКА КОМИСИЈА

Се разрешуваат и именуваат членови на одделни републички комитети, поради промена на работното место од кое се именувани и тоа:

1. Во Републичкиот комитет за општостопански работи и пазар:

се разрешува Цветко Вељановски,
се именува:

Димитар Николовски, помошник на републичкиот секретар за народна одбрана.

2. Во Републичкиот комитет за сообраќај и врски:

се разрешува Живко Котевски,
се именува:

потпол. Танаско Симоновски, началник на Одделението за врски при Републичкиот секретаријат за народна одбрана.

3. Во Републичкиот комитет за култура на местото од пок. Драги Тозија, се именува:

д-р Антоние Николовски, директор на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата.

4. Во Републичкиот комитет за меѓународни односи се разрешуваат:

Ратка Бакалиноска,
Живко Василевски и
Томе Георгиевски
се именуваат:

Ристо Никовски, потсекретар во Републичкиот комитет за информации,

Боге Сотировски, претседател на Матицата на иселениците од Македонија,

Живко Серафимовски, помошник на претседателот на Републичкиот комитет за труд.

5. Во Републичкиот комитет за информации
се разрешува Христо Андонов,
се именува:

Димитар Башевски, главен и одговорен уредник на списанието „Македонија“ на Матицата на иселениците од Македонија.

6. Во Републичката комисија за односи со верските заедници:

се разрешува Ратка Бакалиноска,
се именуваат:

Милица Источка — Кнежевиќ, заменик на претседателот на Републичкиот комитет за информации,

Душан Трајковски, потсекретар за државна безбедност во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2524
28 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

459.

Врз основа на член 1 став 1 од Амандманот VI на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 1 од Законот за определување на републички секретари и други функционери што раководат со републички органи на управата и со републички организации кои се именуваат од редот на членовите на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ број 13/82), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 септември 1983 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА СООБРАЌАЈ И ВРСКИ И РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА И ГРАДЕЖНИШТВО

I

Се разрешува од должноста претседател на Републичкиот комитет за сообраќај и врски инж. Ристо Петровски.

Се разрешува од должноста претседател на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и градежништво инж. Љубомир Коруновски.

II

За претседател на Републичкиот комитет за сообраќај и врски се именува инж. Томе Малевски, претседател на Извршниот совет на општина Кисела Вода — Скопје.

За претседател на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и градежништво се именува д-р Александар Маневски, директор на Републичкиот завод за статистика.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2521
28 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

460.

Врз основа на точка 1 став 2 на Амандманот V на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 септември 1983 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

Се разрешуваат членовите на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија:

инж. Ристо Петровски, по негово барање,
инж. Љубомир Коруновски, по негово барање.

II

За членови на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избираат:

инж. Томе Малевски, претседател на Извршниот совет на Собранието на општина Кисела Вода — Скопје,

д-р Александар Маневски, директор на Републичкиот завод за статистика.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2522
28 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

461.

Врз основа на член 172 став 1 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 септември 1983 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ОПШТОСТОПАНСКИ РАБОТИ И ПАЗАР

Се разрешува од должноста заменик на претседателот на Републичкиот комитет за општостопански работи и пазар,

Киро Данаилов, поради заминување на нова должност;

За заменик на претседателот на Републичкиот комитет за општостопански работи и пазар, се именува

Јован Крстевски, потсекретар на Републичкиот комитет за урбанизам и заштита на човековата околина.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2520
28 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

462.

Врз основа на член 143 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 септември 1983 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА НАРОДНА ОДБРАНА

Се разрешува од должноста член на Комисијата за народна одбрана, поради преангажираност,

Живко Трајковски, делегат во Општественополитичкиот собор.

За член на Комисијата за народна одбрана се избира

Драган Николовски, делегат во Општественополитичкиот собор.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2525
28 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

463.

Врз основа на точка 1 став 1 на Амандманот VI од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 172 став 1 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 септември 1983 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА КУЛТУРНИ ВРСКИ СО СТРАНСТВО

За заменик на претседателот на Републичката комисија за културни врски со странство се именува

Цветан Станоевски, помошник на претседателот на Републичката комисија за културни врски со странство.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2523
28 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

464.

Врз основа на член 90 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 септември 1983 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗБОР НА СУДИИ НА ОКРУЖНИОТ СУД ВО СКОПЈЕ

За судии на Окружниот суд во Скопје се избираат:

Милка Јованов, судија на Окружниот суд во Скопје и м-р Владимир Ракочевиќ, судија на Окружниот суд во Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2526
28 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

465.

Врз основа на член 42 од Законот за судовите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 41/75), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 септември 1983 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОСНОВНИОТ СУД НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ВО БИТОЛА

Се разрешува од должноста претседател на Основниот суд на здружениот труд во Битола

Наум Палигора, поради заминување на нова должност.

Разрешувањето се врши со важност од 1 јули 1983 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2529
28 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

466.

Врз основа на член 42 од Законот за судовите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ бр. 41/75), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори одржана на 28 септември 1983 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗБОР НА ПОСТОЈАН СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ВО СКОПЈЕ

За постојан судија на Основниот суд на здружениот труд во Скопје се избира

Драгица Сапунциева, стручен соработник во Судот на здружениот труд на Македонија

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2528
28 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

467.

Врз основа на член 90 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 септември 1983 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ВО ОКРУЖНИОТ СТОПАНСКИ СУД ВО СКОПЈЕ

За судии во Окружниот стопански суд во Скопје, се изоираат:

Никола Стојанов, судија на Општинскиот суд Скопје I,

Мирјана Мемет, судија на Општинскиот суд Скопје II и

Лилјана Савовска, судија на Општинскиот суд Скопје II.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2527
28 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

468.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 21 септември 1983 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за запечатување на ловечко оружје во 1983 година, донесена од Претседателството на Ловечкото друштво „Тиквеш“ од Кавадарци на 16 февруари 1983 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Ловечкото друштво „Тиквеш“ во Кавадарци, на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 74/83 од 6 јули 1983 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на Одлуката означена во точка 1 од оваа одлука. Постапката е поведена затоа што: со оспорената одлука ловечкото друштво е овластено да предвидува запечатување на ловечкото оружје и да одредува ловостој на заштитениот дивеч; ловечкото друштво е овластено да пропишува и да изрекува казни поради незапечатување на оружјето; и оспорената одлука е предвидено да влезе во сила пред истекот на времето предвидено во член 261 од Уставот на СР Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека со оспорената одлука е предвидено од 18 до 28 февруари 1983 година да се изврши запечатување на ловечкото оружје за ловците — членови на друштвото, а отпечатувањето на оружјето да се изврши пред 11 октомври 1983 година. Членот на друштвото, пак, кој не го донесе оружјето за запечатување во предвиденият рок, според оспорената одлука, должен е да плати казна од 500,00 динари. Поната му, Судот утврди дека оспорената одлука влегува во сила вториот ден од денот на донесувањето.

5. Според член 163 од Уставот на СР Македонија само со закон и со одлука на Собрание на општина заснована на закон на организациите на здружениот труд и на другите самоуправни организации и заедници, здруженијата на граѓаните и други организации може да им се довери со свои акти да уредуваат определени односи од поширок интерес во областа на својата дејност, да решаваат за поединечни предмети за определени права и обврски и да вршат други јавни овластувања.

Од означената уставна одредба произлегува дека ловечкото друштво како здружение на граѓани само со закон и со одлука на собрание на општина заснована на закон може да биде овластено со свои акти да уредува определени односи од поширок интерес и да решава за поединечни права и обврски. Со Законот за ловство („Службен весник на СРМ“ бр. 5/73) ловечкото друштво не е овластено да определува ловостој и запечатување на пушките за време на ловостојот, туку со член 15 од овој Закон се определува времето на ловостојот за секој вид од заштитениот дивеч. Привремена или трајна забрана на ловење на дел или на целото подрачје на општината на редок или прореден дивеч за кој постои опасност од истребување може да пропише општината.

Со оглед на тоа ловечкото друштво не е овластено да предвидува запечатување на ловечкото оружје и да оредува ловостој на заштитениот дивеч, поради што Судот утврди дека оспорената одлука не е во согласност со означените уставни и законски одредби.

Исто така, Судот утврди дека оспорената одлука не е во согласност со Уставот и законот затоа што со неа е предвидена казна која се изрекува поради неизвршување на обврската за запечатување на ловечкото оружје. Ова затоа што, ловечкото друштво не е овластено да предвидува запечатување на ловечкото оружје, поради што не може да биде овластено ни да пропишува и изрекува казни поради неизвршување на обврската за запечатување на оружјето.

Што се однесува, пак, до прашањето за влегувањето во сила на оспорената одлука Судот утврди дека таа не е во согласност со член 261 од Уставот на СР Македонија, затоа што со неа е предвидено таа да влегува во сила пред истекот на времето предвидено во овој член од Уставот.

На основа изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 74/83
21 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
Гога Николовски, с. р.

469.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 21 септември 1983 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за воведување такса за експлоатација на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци и езера, донесена од Собранието на општината Кавадарци на 29 септември 1982 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во „Службен гласник на општината Кавадарци“.

3. Водостопанската работна организација „Водостопанство — Тиквешко поле“ во Кавадарци поднесе предлог за оценување законитоста на Одлуката означена во точката 1 на оваа одлука. Според наводите во предлогот оспорената Одлука не е во согласност со членовите 98, 145, 150 и 151 од Законот за водите („Службен весник на СРМ“ бр. 6/81), затоа што предвидува плаќање такса за експлоатација на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци и езера на подрачјето на општината Кавадарци. Предлагачот наведува дека според Законот, придонесот со одлука го утврдува Републичката самоуправна интересна заедница за водостопанство, така што општината не е овластена да воведува такса за користење на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци и езера.

4. Судот на седницата утврди дека со член 1 од оспорената Одлука е предвидено плаќање такса за експлоатација на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци и езера на подрачјето на општината Кавадарци. Обврзници за плаќање такса, согласно член 2 од Одлуката, се основните организации на здружениот труд, граѓанските правни лица и граѓаните кои вршат експлоатација на песок, чакал и камен со одобрение на надлежниот орган за водостопанство. Според член 3 од Одлуката, таксата изнесува 70 динари за 1м^3, а според член 6, приходите од таксата се приходи на Самоуправната интересна заедница за становање (50%) и на месните заедници од чија територија се експлоатира песокот, чакалот и каменот (50%).

5. Според член 86 од Уставот на СР Македонија, системот, изворите и видовите даноци, такси и други давачки се утврдуваат со закон. Општините и Републиката самостојно ја утврдуваат висината на даноците, таксите и другите давачки што според законот се нивни приходи и располагаат со нив.

Според член 98 од Законот за водите, за вадење песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци и езера се плаќа придонес. Согласно член 150 од овој закон, висината на придонесот за користење песок, чакал и камен го утврдува Републичката самоуправна интересна заедница за водостопанство. Во вториот став на овој член од законот е предвидено на висината на придонесите согласност да дава Собранието на Социјалистичка Република Македонија. Средствата од придонесот, согласно член 151 од Законот, се уплатуваат на сметка на Самоуправната интересна заедница за водостопанство на подрачјето на општината.

Од изнесените законски одредби произлегува дека за користењето песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци и езера е пропишан придонес чија висина ја определува Републичката самоуправна интересна заедница за водостопанство. При тоа, со закон не е утврдено пропишување на такса за користење песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци и езера од страна на општината. Поради тоа што означената такса не е утврдена со закон, Судот утврди дека одлуката на Собранието на општината Кавадарци не е во согласност со член 86 од Уставот на СР Македонија.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 68/83
21 септември 1983 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
Гога Николовски, с. р.

СОДРЖИНА

Страна

447. Закон за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во 1983 година — — — — — 569
448. Закон за земање и пресадување делови од човековото тело заради лекување — 570
449. Закон за дополнување на Законот за системот на општественото планирање и за Општествениот план на Социјалистичка Република Македонија — — — 571
450. Закон за дополнување на Законот за електростопанството — — — — — 572
451. Закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир — — — — — — — — — 572
452. Закон за изменување и дополнување на Законот за центарот за оспособување на кадри за безбедност и општествена самозаштита — — — — — — — — — 575
453. Одлука за изменување на Одлуката за подготвување долгорочен Општествен план на СРМ за периодот од 1986 до 1995 година, односно за определени подрачја и до 2000 година — — — — — — 578
454. Одлука за престанок на важењето на Одлуката за подготвување и донесување измени и дополнувања на Општествениот план на СРМ за периодот од 1981 до 1985 година — — — — — — — 578
455. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на педагошката академија „Климент Охридски" — Скопје — 579
456. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Клиника за кардиологија при Универзитетскиот центар за медицински науки во Скопје — — 579
457. Одлука за именување претставници на општествената заедница во Комисијата за изготвување предлог за изовр на директор на педагошката академија во Битола — — — — — — — — — 579
458. Одлука за разрешување и именување членови на одделни републички комитети и републичка комисија — — — — 579
459. Одлука за разрешување и именување претседател на Републичкиот комитет за соорака] и врски и Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и градежништво — — — — — — — — 580
460. Одлука за разрешување и избор на членови на Извршниот совет на Собранието на СРМ — — — — — — — — 580
461. Одлука за разрешување и именување на заменик на претседателот на Републичкиот комитет за општостопански работи и пазар — — — — — — — — 580
462. Одлука за разрешување и избор на член на Комисијата за народна одбрана — 581
463. Одлука за именување заменик на претседателот на Републичката комисија за културни врски со странство — — — 581
464. Одлука за избор на судии на Окружниот суд во Скопје — — — — — — — 5 1
465. Одлука за разрешување на претседателот на Основниот суд на здружениот труд во Битола — — — — — — — — 581
466. Одлука за избор на постојан судија на Основниот суд на здружениот труд во Скопје — — — — — — — — — — 581
467. Одлука за избор на судии во Окружниот стопански суд во Скопје — — — — 582
468. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 74/83 од 21 септември 1983 година — — — — — — — — — — 582
469. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 68/83 од 21 септември 1983 година — — — — — — — — — — 582

Се наоѓа во печат нова збирка

З А К О Н

ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

(сојузен)

З А К О Н

ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Републичкиот Закон за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 18/83) заедно со сојузниот Закон за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 23/82 и измените на Законот објавени во „Службен лист на СФРЈ", бр. 77/82), претставуваат целосен систем на пензиското и инвалидското осигурување, а издавањето на оваа збирка има за цел да се олесни нивната примена во практиката. Примената на овие закони започнува од 1 јули 1983 година. Цена на збирката е 155 динари.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ
располага со следните изданија:

УСТАВ НА СФРЈ
— со амандмани —
УСТАВ НА СРМ
— со амандмани — Цена 150 динари

ЗАКОН ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ
— со објавување и судска практика —
Цена 300 динари

ЗАКОН ЗА ИЗВРШНАТА ПОСТАПКА
— со објаснувања и предметен регистар —
Цена 200 динари

ЗАКОН ЗА ОПШТАТА УПРАВНА ПОСТАПКА
— со објаснувања — Цена 230 динари

ЗБИРКА НА ПРОПИСИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ
— со коментар — Цена 350 динари

ЗБИРКА НА СУДСКИ ОДЛУКИ 1975—1979 НА ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА
КНИГА II Цена 250 динари

ЗАКОН ЗА ВОДИТЕ
(Објавен во „Службен весник на СРМ" бр. 6/81)
Цена 45 динари

ЗАКОН ЗА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД
— второ издание — Цена 90 динари

ЗАКОН ЗА ДРЖАВНАТА УПРАВА
— со објаснувања — Цена 160 динари

ЗБИРКА НА ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ
— со објаснувања — Цена 85 динари

ЗАКОН ЗА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Цена 43 динари

ОПШТЕСТВЕН ПЛАН НА СРМ
за периодот од 1981 до 1985 година
— со експозе — Цена 98 динари

ЗАКОН ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ Цена 46 динари

ЗАКОН ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА
Цена 80 динари

ЗБИРКА НА ПРЕКРШОЦИ
— со објаснувања — Цена 120 динари

ЗБИРКА НА ПРОПИСИ ОД СЕМЕЈНОТО ПРАВО
со судска практика и со предметен регистар
— второ дополнето издание — Цена 65 динари

УСТАВНИОТ РАЗВИТОК НА СРМ
Цена 245 динари

ОСНОВИ НА КОМУНАЛНИОТ СИСТЕМ И КОМУНАЛНАТА ПОЛИТИКА Цена 200 динари

УПРАВАТА ВО САМОУПРАВНИОТ СИСТЕМ
Цена 90 динари

ЗБИРКА НА ОДЛУКИ И РЕШЕНИЈА НА УСТАВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА Цена 50 динари

Порачки прима Службата за претплата на Службен весник на СРМ — 91000 Скопје. По уплата на парите на жиро сметка 40100-603-12498 книгата веднаш се доставува заедно со сметка.

Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печати Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје